ФСС - ФМУ
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
Факултет за музичка уметност - Скопје
Факултетско студентско собрание
Бр. 15-239/1
11.03.2025 20 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за музичка уметност – Скопје

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 37 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), член 38 од Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 448/2019), Изборната комисија за спроведување на изборите за кандидат од редот на Факултетското студентско собрание за член во Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје, го донесе следното

# УПАТСТВО
## за спроведување на избори за кандидати од редот на Факултетското студентско собрание за членови во Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје

### Член 1

Со ова упатство се пропишува постапката за спроведување на избор за кандидати од редот на Факултетското студентско собрание за член во Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје, како и начинот на работа на Изборната комисија.

### Член 2

Изборната комисија ја спроведува постапката за спроведување на избор за кандидати од редот на Факултетското студентско собрание за член во Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје, и тоа:

- со цел спроведување на непосредни, фер и демократски избори спроведува тајно гласање;
- изготвува гласачко ливче;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови во ННУС;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за член во ННУС;
- составува записник за крајниот резултат од гласањето на факултетот;
- ги сумира и утврдува резултатите од гласањето;
- донесува одлуки и составува записници за сите одржани седници и
- извршува и други работи согласно законските прописи.

## ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### Член 3

Претсседателот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност - Скопје до Изборната комисија за понатамошна нивна надлежност доставува список на студенти – членови на ФСС, кои имаат право да гласаат и да бидат избирани.

Претсеателот на ФСС до изборната комисија доставува записник од одржаната седница на ФСС, на која е извршено номинирање на кандидати за членови во Наставно научниот уметнички совет на ФМУ.

Изборната комисија по проверка на поднесените пријави донесува одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите за кандидат за член во ННУС.

Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, дали ги положил сите испити заклучно со трет семестар и сл.

Одлуката на Изборната комисија е конечна.

## ИЗГЛЕД НА ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ННУС

### Член 5

Изгледот на гласачкото ливче за канидати за членови во ННУС е утврден и даден во Прилог 1 кој е составен дел на ова Упатство.

Изборната комисија изготвува посебно гласачко ливче за спроведување на избори за член на ННУС врз основа на одлуката на предложените кандидати.

## НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ И ПРЕБРОЈУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ, РЕЗУЛТАТИ ОД ГЛАСАЊЕТО

### Член 6

Право да гласаат имаат членовите на Факултетското студентско собрание.

Гласањето се врши со лична идентификација на студентот, врз основа на важечки Индекс или студентска легитимација издадени од Факултетот за музичка уметност – Скопје.

По утврдување дека студентот го има во Избирачкиот список, член на Изборната комисија го заокружува редниот број пред името на студентот во списокот, студентот се потпишува во списокот до неговото име, по што член на Изборната комисија му дава гласачко ливче и го упатува студентот да пристапи кон гласање кон тајното гласачкото место на принцип еден по еден студент поединечно.

Гласањето се врши самостојно и тајно.

Се гласа за кандидат со заокружување на редниот број пред името и презимето на кандидатот или доколку постои само еден кандидат, гласањето се одвива на принцип: се заокружува една од дадените опции: ЗА / ПРОТИВ / ВОЗДРЖАН, по што студентот го превиткува ливчето и го става во означената кутија за гласање

За важечко гласачко ливче се смета она гласачко ливче на кое е заокружен редниот број пред кандидатот и од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за кој кандидат е гласано.

За неважечко ливче ќе се смета секое ливче кое е непополнето, прецртано, шкртано, обележано со друга форма и симбол освен заокружување, ако нема печат и постапено спротивно на став (3) од овој член.

Доколку останат непополнети гласачки ливчиња, Изборната комисија веднаш по завршување на гласањето ги прецртува по целата должина и истите се сметаат за неупотребени и неважечки гласачки ливчиња.

По завршување на определеното време за гласање, гласачкото место се затвара.

Избирачките поткомисии ги отвараат кутиите, ги пребројуваат гласовите, ги сумираат и утврдуваат резултатите од гласањето.

Употребените гласачки ливчиња (важечки и неважечки гласачки ливчиња) се ставаат во плик кој се запечатува од страна на Избирачката комисија,

За спроведеното гласање Изборната комисија изработува и потпишува записник, кој го доставуваат архивата на факултетот.

Врз основа на добиениот записник, престедателот на ФСС донесува одлука со која констатира кои претставници на студентите се избрани за членови на ННУС.

Одлуката е конечна.

Претседателот на ФСС ја доставува одлуката до ННУС.

## ИЗГЛЕД И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦ НА ЗАПИСНИК

**Член 7**

Изборната комисија составува и потпишува записник за резултатите од гласањето за избор на членови на ННУС.

Со записникот се утврдуваат резултатите од гласањето и го доставува до архивата на факултетот. (Прилог 2)

## ЧУВАЊЕ И УВИД ВО ИЗБОРНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 8**

По спроведување на гласањето, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето, Изборната комисија го пакува гласачкиот материјал:

- употребените гласачки ливчиња (важечки и неважечки гласачки ливчиња);
- неискористени гласачки ливчиња
- избирачкиот список.

Спакуваниот материјал, Изборната комисија го предава на чување и увид во архивата на Факултетот.

**Член 9**

Ова Упатство влегува во сила од денот на донесувањето.

**Член 10**

Ова Упатство се објавува на веб-страницата на Факултетот.

Изборна комисија:
Проф. д-р Соња Здравкова Цепароска, професор
Проф. д-р Горан Начевски, професор
Никола Ѓоргиев, студент
Наталија Николовска, студент
Горјан Стојановски, студент

Прилог 1

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за музичка уметност – Скопје

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Упатство за гласање:
Се гласа со заокружување на зборот ЗА или зборот ПРОТИВ

ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ
за избор на два члена од редот на студентите во
Наставно-научниот и уметнички совет на
Факултетот за музичка уметност – Скопје
за мандатен период 2025-27

1. Мила Тренеска

ЗА ПРОТИВ

2. Славица Томова

ЗА ПРОТИВ

Прилог 2

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за музичка уметност – Скопје

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

# ЗАПИСНИК
## од гласањето за избор на 2 (два) претставника од редот на студентите од Факултетското студентско собрание за член во Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје

Изборната комисија за спроведување на гласањето за избор на 2 (два) претставника за член на Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје, по спроведеното гласање на 11.3.2025 година, утврди дека:

Во гласањето учествувале ______ студенти.

Пронајдени се ______ неважечки гласачки ливчиња.

I. Земајќи ги предвид само важечките гласачки ливчиња, Изборната комисија, констатира дека кандитатите за членови на Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје, го добија следниот број на гласови:

1. Мила Тренеска
   ________ гласа ЗА
   _________гласа ПРОТИВ
2. Славица Томова
   ________ гласа ЗА
   _________гласа ПРОТИВ

II. Врз основа на резултатите од гласањето, Изборната комисија, констатира дека кандидатите Мила Тренеска и Славица Томова кои се кандидираа за членови на Наставно научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје:

1. Мила Тренеска, е избрана/не е избрана
2. Славица Томова, е избрана/не е избрана

Евентуални забелешки _________________________________________________________________.

Изборна комисија:
Проф. д-р Горан Начевски, професор
Проф. д-р Соња Здравкова-Џепароска, професор
Никола Ѓоргиев, студент
Горјан Стојановски, студент
Наталија Николовска, студент